Врска: барање од 14.04.2022 г. др. бр. ? Ново барање 28.04.2022

Известување од 20.04.2022 - арх. бр. 1005-386/2

( Образец ПП……)

Република Северна Македонија
Државна комисија за одлучување во втор степен ...

Примено: 27.04.2022
1005-386/3

**До:** Државна Комисија - работен однос ...

**(имател на информацијата)**

## БАРАЊЕ

## ЗА ПРИСТАП ДО ИНФОРМАЦИИ ОД ЈАВЕН КАРАКТЕР

Од: [redacted] од [redacted] - Гази Баба, село Церово бр. 1 бр. 20

(се наведуваат податоци за Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: ______________________

(се наведуваат податоци за можниот застапник/полномошник на Барателот: назив, име и презиме, адреса, тел, фах, е-маил)

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од Имателот ја барам следната информација од јавен карактер: Согласно член 20 и член 24 од Законот за слободен пристап на информации од јавен карактер и членот 3 од истиот закон барам одговор на моето барање од 14.04.2022

(опис на информацијата која се бара)

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго Во писмена форма

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго Врачување на рака со предходно известување на телефон [redacted]

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Правна поука: Барателот не е должен да го образложи барањето, но е потребно да наведе дека се работи за Барање за слободен пристап до информација од јавен карактер.

Потпис [redacted]

Во 27.04 2022 година . ______________________

(доколку барањето се поднесува во хартиена форма)

Во прилог: Известувањето со бр. 1005-386/2 од 20.04.2022 ...

**Република Северна Македонија**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка**
**и постапка од работен однос во втор степен**

29.04. 2022 година

**Архивски број:** 1005 - 386/4

Врз основа на член 20 и 21 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ( „Службен весник на РМ“ бр.101/19), а во врска со член 8 став 2 од Деловникот за начинот на работа и одлучување на Државната комсија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор, Претседателот на Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен го донесе следното

**РЕШЕНИЕ**
**за постапување по барање за пристап до информации од јавен карактер**

1. Барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер со наш број 1005-386/3 од 27.04.2022 година поднесно од лицето [redacted] **СЕ ОДБИВА**.

**Образложение**

Лицето [redacted] на ден 27.04.2022 година до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен ( во понатамошниот текст: Државна комисија) достави Барање за слободен пристап до информации од јавен карактер и истото е заведено под број 1005-386/3.

Во барањето е наведено дека врз основа на член 20 и 24 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер и членот 3 од истиот закон, подносителот бара да се постапи по претходно поднесено барање за пристап до информации од јавен каратер од 14.04.2022 година. Начинот на кој барателот бара да се запознае со содржината набараната информација е во писмена форма, а начинот на доставување на информацијата е со врачување на рака со претходно известување на телефонскиот број наведен во самото барање.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија донесе одлука барањето за слободен пристап до информации од јавен карактер да го одбие од следниве причини:

На ден 14.04.2022 година од страна на лицето [redacted] до Државната комисија доставено е Барање за пристап до информации од јавен карактер со наш број 1105-386/1, во кое е наведено дека барателот бара да му се достави примерок од Решение со број РО број 0109-117 од 14 јуни 2012 година.

Постапувајќи по поднесеното барање, Државната комисија до подносителот достави Известување со број 1005-386/2 од 20.04.2022 г. Во истото е наведено дека во конкретниот случај не се работи за барање од јавен карактер и по истото не може да се


Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен
Кеј Димитар Влахов бр.4, Скопје
Република Северна Македонија
+389 2 3211 343
www.dkz.mk

постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап од информации од јавен карактер.

Меѓу другото во Известувањето е наведено дека се работи за барање од личен карактер и поради тоа подносителот е упатен во овој случај да се обрати со писмен поднесок до Државната комисија.

Постапувајќи по Барањето од 27.04.2022 година Државната комисија донесе одлука истото да го одбие како неосновано од причина што во конретниот случај не се работи за барање од јавен карактер.

Имено, како што е наведено и во Известувањето со наш број 1005-386/2 од 20.04.2022 година, во овој случај не се работи за барање од јавен карактер по кое што може да се постапува согласно одредбите од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер. Во овој случај се работи за барање од личен карактер и поради тоа повторно го упатуваме подносителот да се обрати со поднесок во писмена форма во кој ќе го наведе своето барање. Притоа, треба да се има предвид и фактот дека подносителот може да се обрати до Државната комисија со барање само ако се работи за решение кое е донесено од страна на комисијата.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение, барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението на Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

**Претседател**
**Даница Чадиева**

Изготвил: Наталија С.Филипова